Влада на Република Северна Македонија

Бр.4401-17/23

# З А П И С Н И К
од Дваесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 март 2020 година

Скопје, март 2020 година

**З А П И С Н И К**
**од Дваесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 март 2020 година**

Седницата започна во 17:20 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Дејан Павлески, заменик на министерот за локална самоуправа и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура.

На седницата присуствуваа и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, членовите на Владата на Република Северна Македонија Горан Милевски, министер за локална самоуправа и Хусни Исмаили, министер за култура.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на записниците од 13-та, 20-та и 22-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржани на 3 март, 16 март и 18 март 2020 година

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- **Предлог од Секретаријатот за европски прашања во однос на странска донаторска помош**

- **Извештај од извршени инспекциски надзори за 19.3.2020 година – сумарен (преземени и планирани активности)**

1. Записник од Четвртиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД - 19, одржан на 19 март 2020 година

2. Економски мерки за справување со последици од коронавирус

3. Предлог - одлука за ограничување на извозот на пченица и наполица и брашно од пченица или наполица

4. Предлог - одлука за забрана на продажба на одделни нафтени деривати

5. Предлог - одлука за определување на највисоките цени на одделни производи во трговијата на големо и трговијата на мало

6. Кадровски прашања

7. Прашања и предлози

8. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за вештачење

9. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за правосудниот испит

10. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за медијација

11. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за нотаријатот

*

*        *

Владата без забелешки ги усвои записниците од 13-та, 20-та и 22-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржани на 3 март, 16 март и 18 март 2020 година.

*

*        *

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- **Предлог од Секретаријатот за европски прашања во однос на странска донаторска помош**

Владата во врска со Заклучокот број 8 од Четвртиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД - 19, одржан на 19 март 2020 година, ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжува д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и Национален координатор за странска помош и Национален ИПА координатор да формира работна група за координација на оперативно-техничко ниво во која свои претставници ќе номинираат Мила Царовска, заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, д-р Венко Филипче, министер за здравство, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи и м-р Агрон Буџаку, директор на Центарот за управување со кризи.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да ја координира работата на работната група за координација на техничко ниво и да ги детектира, систематизира и приоретизира сите потреби од стоки, услуги и финансиски средства за справување последиците од КОВИД -19.

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да ги информира сите амбасади, претставништва на меѓународни организации и потенцијални донатори за воспоставениот систем за координација на странска помош за справување со последиците од COVID-19, со цел ефикасно управување со помошта за оваа намена.

- **Извештај од извршени инспекциски надзори за 19.3.2020 година – сумарен (преземени и планирани активности)**

Владата го разгледа Извештајот од извршени инспекциски надзори за 19.3.2020 година - сумарен (преземени и планирани активности), како материјал за информирање.

*

*  *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>Точка 1</u>

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Четвртиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД - 19, одржан на 19 март 2020 година.

Истовремено, согласно предлозите изнесени во расправата на седницата, ги усвои следниве заклучоци:

1. Се забранува пристап на лица и возила во Парк шума „Водно“, секој ден, во период од 18:00 часот до 6:00 часот наредниот ден.

За оваа цел, се задолжува Министерството за внатрешни работи, со патролни возила да го затвори пристапот кон Парк шума „Водно“.

2. Се забранува собирање во група на повеќе од пет лица, во паркови и на други јавни места и јавни површини.

За оваа цел, се задолжуваат Министерството за внатрешни работи и Армијата на Република Северна Македонија да ги разбиваат овие групи и да ги интензивираат теренските контроли.

3. Се забранува одржување на наставата и спроведувањето на обуките и испитите во испитните центри од страна на школите за обука за возачи, за период од 14 дена.

За оваа цел, се задолжува Министерството за внатрешни работи доколку е потребно ова правно да го нормира во Уредба со законска сила.
Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД - 19.

4. Се препорачува на сите работодавачи во Република Северна Македонија, односно секое раководно лице на институцијата, во зависност од типот на работата и можностите, да ја организира работата и начинот на работа на вработените лица, преку работа од дома, без да се наруши редовното и нормалното функционирање на институцијата.

Исклучок од оваа мерка се вработените лица во Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Министерството за одбрана, Армијата на Република Северна Македонија, противпожарните територијални единици, Царинската управа, како и домовите за нега на стари лица и мали групни домови.

Согласно ова, Владата на Република Северна Македонија, на седниците на Владата и работните тела на Владата да разгледува само материјали поврзани со постоењето на вонредна состојба на територијата на Република Северна Македонија.

5. Сите маркети, аптеки, банки и објекти кои даваат поштенски услуги, задолжително да обезбедат редарска служба при влез и во внатрешноста во овие објекти, со цел да се контролира влезот и бројот на лица во истите, така што ќе се обезбеди минимум потребното растојание од два метри помеѓу лицата пред и во објектите.

6. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги интензивира контролите во приватните куќи и вили во кои се организираат забави и собири (во општина Сопиште и  во населеното место Соње), со цел да се преземат мерки за спречување на ваквите собири, а кон сопственикот на објектот и присутните лица затечени во објектите да се преземат соодветни законски мерки заради непочитување на мерките и препораките на Владата.

7. Се задолжува Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство да оствари работна средба со здруженијата на сточари и Федерацијата на фармери, во врска со извозот на јагниња, како и утврдување на мерки што треба да се преземат во овој период.

## Точка 2

Владата ги разгледа и прифати Економските мерки за справување со последици од коронавирус и заклучи да ги задолжи надлежните институции да подготват и веднаш до Владата да доставaт соодветни предлог – уредби со законска сила за нивно правно нормирање и примена.

## Точка 3

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за ограничување на извозот  на пченица и наполица  и брашно од пченица или наполица, во предложениот текст.

## Точка 4

Владата ја донесе Одлуката за забрана на продажба на одделни нафтени деривати, во предложениот текст.

## Точка 5

Владата ја донесе Одлуката за определување на највисоките цени на одделни производи во трговијата на големо и трговијата на мало.

**Точка 6**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 7**

**1.** Претседателот на Владата на Република Северна Македонија ги информираше членовите на Владата дека ќе формира две советодавни тела во Канцеларијата на претседателот на Владата, за економски и за правни прашања, во кои учество ќе земат министри, практичари и други експерти од овие области, поврзани со прашања за мерки кои Владата ќе ги носи, а во врска со постоењето на вонредна состојба во Република Северна Македонија.

**2.** По повод укажувањето на Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација Владата го задолжи Министерството за внатрешни работи да продолжи со поднесување на кривични пријави против сите лица, а особено против носителите на јавни функции во Република Северна Македонија, кои не се придржуваат до препораките и одлуките на Владата, поврзани со спречување на внесување и ширење на коронавирусот КОВИД - 19 (согласно ова и кон директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги).

**Точка 8**

Владата ја разгледа Предлог-уредбата со законска сила за примена на Законот за вештачење и ја донесе Уредбата, со заклучок Министерството за правда да изврши усогласување на текстот на Уредбата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Предлог-уредбата со законска сила за примена на Законот за правосудниот испит и ја донесе Уредбата, со заклучок Министерството за правда да изврши усогласување на текстот на Уредбата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 10**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за примена на Законот за медијација, со заклучок текстот на истата претходно да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Предлог-уредбата со законска сила за примена на Законот за нотаријатот и ја донесе Уредбата, со заклучок Министерството за правда да изврши усогласување на текстот на Уредбата со Секретаријатот за законодавство.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 18:50 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

**д-р Драги Рашковски**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

**Оливер Спасовски**